Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 10-8636/21
Скопје, 14-08-2020 година

**ДО**
**НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА РСМ „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“**
**Ул.11 Октомври бр.42 А – Скопје**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Со имплементирањето на електронскиот систем за наплата на патарина и негово отпочнување со работа на Наплатните станици од Коридор 10, сега сме во можност за детално следење и проверка и на сите електронски картички кои се издадени согласно Членот 66 од Законот за Јавни патишта на лица кои по основ на инвалидитет ги исполнуваат условите за ослободување од плаќање на патарина.

Имено, преку секојдневните прегледи и процеси на верификации на сите транзити, забележано е дека некои корисници не ги почитуваат правилата под кои им се издадени електронските картички, односно истите ги злоупотребуваат.

Секоја една електронска картичка издадена по основ на ослободување на инвалидно лице е персонализирана со податоците од имателот ( инвалидното лице), како единствен сериски број на уредот, име и презиме, модел на патничко моторно возило, боја на возилото како и регистерските таблички на возилото.

При поминување на наплатните станици, лицето кое управува со возилото ослободено од плаќање на патарина и лицето за кое се однесува ослободувањето по основ на инвалидитет и е задолжително присутно во возилото, должни се да ја приложат електронската картичка и само на тој начин ќе можат да поминуваат слободно на патарина односно ќе бидат ослободени од плаќање. При секоја друга промена на возилото инвалидното лице е должно до Здружението во кое е член да достави документација со која се потврдува промената на возилото, кое ќе биде регистрирано и во нашиот систем и потоа ќе може истото да се движи слободно, што значи дека електронската картичка е издадена на инвалидното лице со регистрирана само една кола т.е. една регистерска табличка.


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Од причина што за дел од издадените електронски картички констатирано е дека постојат злоупотреби при употреба на истите, односно еден уред го користат повеќе возила, дури и возила со странски регистерски таблички, Ве известуваме дека е потребно во најкраток можен рок да ги известите Вашите членови дека за секоја злоупотреба на електронска картичка ќе бидат превземени законски мерки и санкции.

За дополнителни информации Ви стоиме на располагање.

Со почит,

**Директор**
**Зоран Китанов**

Јавно претпријатие за државни патишта Република Северна Македонија
Скопје - Shkup

Изработил: Анкица Ш.Булатовиќ
Контролирал: Биљана Цветковиќ
Одобрил: Даниела Тасевски
Зоран Велков


**Јавно претпријатие за државни патишта**
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/